Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ

Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT

OMBUDSMAN
Republic of Macedonia

Народниот правобранител – Национален превентивен механизам (НП-НПМ), во рамки на својот мандат и овластувања за заштита на лицата лишени од слобода, со цел превенција од тортура и друг вид на сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, на ден **23.06.2016** година, изврши редовна и ненајавена посета на ЈУ Специјален Завод Демир Капија.

Целта на оваа посета беше да се проверат и мониторираат материјалните услови, третманот и постапувањето со лицата – корисници сместени во ЈУ Специјален завод Демир Капија, да се констатира моменталната состојба во поглед на бројноста на сместените лица, сместувачките капацитети во оваа установа, како и да се разговара со одговорни службени лица и со дел од корисниците во ЈУ Специјален завод Демир Капија.

Во таа насока, тимот на НПМ заедно со ангажиран надворешен соработник изврши непосредни разговори со директорката на ЈУ Специјален завод Демир Капија, со вработени службени лица, како и со дел од корисниците во заводот. Притоа, беше извршен и увид во евиденцијата и документацијата со која располагаат одговорните лица, по што тимот на НПМ се подели во два тима, вршејќи темелен увид врз сместувачките капацитети, материјалните услови и третманот врз корисниците.

При посетата беше утврдено дека во ЈУ Специјален завод Демир Капија се сместени 226 корисници, а околу 50 лица се на листа на чекање за сместување во установата или во просек по 2-3 нови барања за сместување на нови корисници дневно.

Во однос на вработениот персонал во ЈУ Специјален Завод Демир Капија, тимот на НПМ доби информација дека моментално во овој завод е вработено 151 лице, иако согласно Правилникот за систематизација на работни места во ЈУ Специјален завод Демир Капија е предвидена бројка од 227 лица, што говори за потребата од дополнителен персонал и вработување на нови луѓе.

При посетата беше утврдено дека лошите материјални услови во Специјалниот Завод Демир Капија, претставуваат сериозен здравствен ризик

за корисниците сместени во Заводот. Од обиколката на Заводот, тимот на НПМ констатираше руинирани згради, присуство на влага и непријатен мирис во сместувачките објекти, како и хигиена на незадоволително ниво. Она што особено загрижува е состојбата во санитарните јазли во заводот, нефункционалноста на тоалетите и тушевите, со што се доведува во прашање редовното одржување на хигиената на овие корисници.

Во поглед на обезбедувањето на здравствена заштита во Заводот, иако добивме информација дека има вработено лекар кој е пратен на специјализација, па во негово отсуство услугите од примарната здравствена заштита се обезбедуваат од страна на ангажиран матичен лекар од Демир Капија и од медицински сестри кои секојдневно делат терапија,НПм констатира дека е потребна посериозна регуларна и редовна здравствена заштита од лекар присутен секојдневно во заводот.

За посетата во ЈУ Специјален Завод Демир Капија, материјалните услови, третманот, постапувањето со корисниците, здравствената заштита, остварувањата на правата на штитениците, како и за други утврдени состојби, тимот на НПМ преку констатации и препораки во Посебниот извештај за оваа установа кој се доставува до надлежните министерства и институции, настојува да придонесе во подобрување на условите и третманот на корисниците во ЈУ Специјален завод Демир Капија.